

# КАРПОШ

## неделен Е - БИЛТЕН



**ОПШТИНА КАРПОШ НЕДЕЛЕН Е - БИЛТЕН**

**ИЗГОТВУВА: ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТ**

**9-20 авг 2024 Билтен бр. 569**

# ОДБЕЛЕЖАН СВ.ПАНТЕЛЕЈМОН ВО КАРПОШ

**Во рамки на црковниот објект во населбата Средно Нерези, денеска, традиционално беше одбележан празникот Св. Пантелејмон. По тој повод, градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски во присуство со претставници на општинската администрација го посетија храмот Св. Пантелејмон, каде оствари‌ја и средби со граѓаните.**

**На верската манифестација присуствуваа и претставници на Советот на Општина Карпош, кои во оваа пригода, си го честитаа празникот, пред с□ посакувајќи си многу здравје, среќа и благосостојба.**



# РЕКОНСТРУКЦИЈА НА ЕЛЕКТРИЧНАТА ИНСТАЛАЦИЈА ВО ООУ„ВОЈДАН ЧЕРНОДРИНСКИ“

**Поради поголема безбедност во образовните институции, Општина Карпош ја ангажираше фирмата „Магнус Инженеринг“ која ги обновува нисконапонските табли,
осигурувачи и електричната инсталација во основното училиште „Војдан Чернодрински“.**

**За изведба на работите, локалната самоуправа склучи едногодишен договор чија вкупна
финансиска конструкција изнесува 497.942 денари. Општината презеде иницијатива за
менување на застарената електрична инсталација, со што се зголемува сигурноста на
основците и на наставно техничкиот кадар кои престојуваат во овој улилишниот објект.**



# ДВЕ ЗГРАДИ НА УЛ. „ЈУРИЈ ГАГАРИН" ДОБИЈА НОВИ ФАСАДИ

**Општина Карпош ги реконструира фасадите кои не се обновени уште од 1980 година. Денеска, пред медиумите, ова го потврди и градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски кој образложи што се работи во моментов и што е планирано да се реконструира во иднина.**

**-Денеска се наоѓаме на улицата ,,Јуриј Гагарин" кадешто се реконструирани две станбени згради со број 47 и 49, а претходно беше реконструирана фасада на станбен објект на улицата ,,Братфордска" кој преостанува задниот дел да се доврши. Во исто време продолжуваме кон десеткатниците кои се наоѓаат на улица ,,Јуриј Гагарин 53 и 70" – рече Јакимовски.**

**Од општинскиот буџет за оваа намена издвоени се околу 450.000 евра за разубавување на Општината, но во исто време би се зголемила енергетската ефикасност на овие објекти. Првиот човек на Општината додаде дека по завршувањето на обновата на фасадите на улицата ,,Јуриј Гагарин", се продолжува и на други локации во Карпош.**

**-По улицата ,,Јуриј Гагарин", продолжуваме со реконструкција на фасадите на руските згради, после студентскиот дом ,,Гоце Делчев" од десната страна, односно на улицата ,,Адолф Циборовски", кадешто се планирани да се обноват четири фасади – заврши градоначалникот.**



# НАРЕДНАТА НЕДЕЛА ЗАПОЧНУВА „КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО 2024“

**Градоначалникот на Општина Карпош, Стевчо Јакимовски, на денешната прес-конференција го најави почетокот на Карпошовото културно лето,  кое годинава ќе се одржи традиционално по 15-ти пат.**

**Оваа културно-уметничка манифестација, ќе трае од 19-ти до 27-ми август. За оваа намена, Општината издвои средства во висина од 2.500.000 денари. На овогодинешното Карпошово културно лето, кое започнува  в понеделник, ќе настапат национален џез оркестар, гудачки оркестар и Радио Бубамара со солистите Андријана Јаневска, Џон Илија Апелгрин, Ана Петановска, Светлана Јовановска, Зорица Поп-Анкова и Драган Мијалковски, кои ќе бидат дел од македонскиот музички времеплов – рече Јакимовски.**

**Оваа година, плоштадот Делфина во Влае, девет дена ќе биде резервиран за незаборавна забава на која ќе настапуваат уметници, солисти, музичари, а ќе има програма и за најмладата публика. Првиот човек на Општината  ги покани сите граѓани на Карпош и пошироко.**



# ЗАПОЧНА 15-ТО ЈУБИЛЕЈНО КАРПОШОВО КУЛТУРНО ЛЕТО

**Со звуците на македонските музички евергрини, отпеани од познати и искусни солисти и легенди, на 20ти август официјално се отвори 15-то јубилејно Карпошово културно лето 2024 година на плоштадот Делфина.**

**Карпошани уживаа во изведбата на националниот џез и гудачки оркестар, а повозрасната публика се потсети на старите хитови отпеани од Андријана Јаневска, Џон Илија Апелгрин, Ана Петановска, Светлана Јовановска, Зорица Поп Панкова и Драган Мијалковски. Секретарот на Општина Карпош, Ивана Ордевска, ги поздрави присутните, на кои им посака овие денови да уживаат и да се дружат заедно со богатата Програма.**

**-Оваа година обрнавме внимание на домашната сцена. Овогодинешното Карпошово лето, љубителите на добрата музика, ќе имаат можност да ги слушнат македонските изведувачи на чалгиска музика, незаборавните хитови на познати домашни бендови, но и да погледнат ликовни дела од нашите врвни уметници. Од името на градоначалникот Стевчо Јакимовски, Советот на Општина Карпош и сите вработени во администрацијата, имајте пријатни летни вечери, кои ќе траат од 19ти до 27ми – заврши Ордевска.**

**Имено, Карпошовото лето е културно-уметничка манифестација преку која се празнува културата и уметноста. Театарот секогаш е дел од ова случување, кое е пропратено со музика. Карпош беше и ќе остане голем подиум на кој настапија и ќе настапат големи ѕвезди од домашната и странската музичка сцена.**

**Плоштадот ,,Делфина”, ќе биде местото на кое што, наредните денови ќе ги собере граѓаните од околните населби, а оваа вечер е резервирана за чалгиска музика изведена од квартетот ,,Езгија” на Филип Шурбевски, за потоа да продолжи со Христијан Проданов и Бендот ,,Вертиго”.**





